| во текот на 135 секунди | 356 | 99.63 |
| во текот на 150+ секунди | 1291 | 100 |

Изминатиот статистички период (11 февруари – 31 декември) операторите на 112 одговориле на 97.93% од итните повици во текот на првите 30 секунди (во сметањето на времето за одговор на повик е вклучено и времетраењето на говорната порака/поздрав на почетокот, која е во траење од 6-7 секунди и после која заѕвонува софтверскиот телефон кај операторите).

1. **Статистика за број на примени и одговорени повици за период 11 февруари – 31 декември.**

Графикон 1: Број на примени/изготвени Барања за услуга (ПЗУ) по час.




Табела 1: Број на примени/изготвени Барања за услуга (ПЗУ) по час:

| 00:00-00:59 | 01:00-01:59 | 02:00-02:59 | 03:00-03:59 | 04:00-04:59 | 05:00-05:59 | 06:66-06:59 | 07:00-07:59 | 08:00-08:59 | 09:00-09:59 | 10:00-10:59 | 11:00-11:59 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1696 | 1363 | 1210 | 1336 | 2015 | 3605 | 6458 | 8396 | 9567 | 10173 | 10159 | 10330 |
| | | | | | | | | | | | |
| 12:00-12:59 | 13:00-13:59 | 14:00-14:59 | 15:00-15:59 | 16:00-16:59 | 17:00-17:59 | 18:00-18:59 | 19:00-19:59 | 20:00-20:59 | 21:00-21:59 | 22:00-22:59 | 23:00-23:59 |
| 9766 | 9493 | 9006 | 8868 | 8668 | 8735 | 9750 | 8790 | 7133 | 5235 | 3757 | 2566 |

Графикон 2: Повици за кои не е креиран ПЗУ / повици за кои е креиран ПЗУ во однос на вкупниот број примени повици ( 455147).




Табела 2: Повици за кои не е креиран ПЗУ / повици за кои е креиран ПЗУ во однос на вкупниот број примени повици (455147).

| Бр. Примени повици | 455147 | |
|---|---|---|
| Повици за кои не е креиран ПЗУ | 297072 | 65.27% |
| Повици за кои е креиран ПЗУ | 158075 | 34.73% |

Графикон 3: Испратени ПЗУ / ПЗУ решени во ЦУК во однос на вкупниот број креирани ПЗУ (158075)




Табела 3: Испратени ПЗУ / ПЗУ решени во ЦУК во однос на вкупниот број креирани ПЗУ (158075)

| | | |
|---|---|---|
| Креирани ПЗУ | 158075 | |
| Испратени ПЗУ | 13000 | 8.22% |
| ПЗУ Решени во ЦУК | 145075 | 91.78% |

Графикон 4: Преглед на испратени ПЗУ до второстепена агенција (Полиција, ИМП, БППЗ, ЦУК)




Табела 4: Преглед на испратени ПЗУ до второстепена агенција (Полиција, ИМП, БППЗ, ЦУК):

| ПОЛ | ИМП | ППЗ | ЦУК |
|---|---|---|---|
| 6747 | 5451 | 706 | 451 |
| 50.52% | 40.82% | 5.29% | 3.38% |

Графикон 5: Преглед на изготвени ПЗУ според класификација




* На долната оска од графиконот се претставени типовите на настани според класификацијата во Life 1$^{st}$ компјутерскиот диспечерски систем. На овој дијаграм се дадени сите типови (според класификации на настаните), вклучително медицинска (ИМП), полиција, противпожарна и кризна состојба. Подолу е дадена табела со вкупен број и процент за секоја класификација на ПЗУ одделно. Од горниот графикон (и табелата веднаш подолу) се гледа дека операторите на Е112 како лажни класифицирале повеќе од две третини од креаираните ПЗУ (71.03%).

Табела 5а: Преглед на изготвени ПЗУ според тип

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно ПЗУ | 158075 | |
| Класификација: Лажно | 112283 | 71.03% |

Графикон 6: Преглед на испратени ПЗУ според тип до второстепена агенција Полиција



## ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| **Мерки и активности ( од Годишниот план за работа ) кои биле планирани, а не биле спроведени** | **Образложение за причините поради кои мерките/активностите не биле спроведени** | **Оценка за влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата** | **Препорака за мерките кои треба да се преземат во наредниот циклус на планирање за да се обезбеди постигнување на резултатите и целите на програмата/потпрограмата** |
| Годишен извештај за извршени ревизии и активности на внатрешна ревизија на Центарот за 2022 | Работното место внатрешен ревизор е испразнето и истото е непополнето. Побарано е пополнување од МИОА, согласно трансфер листа преку мобилност, но е добиен негативен одговор дека такви лице нема. | | |
| Годишен план за внатрешна ревизија за 2023 година | // | | |
| Стратешки план за внатрешна ревизија за период 2023-2025 година | // | | |
| Упатување на претставници на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО Брисел, Белгија | Со Интерен конкурс во ноември 2022 година е извршен избор за Упатување на претставник на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО Брисел, Белгија | Од страна на Министерство за надворешни работи е донесено Решение за Упатување на претставник на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО Брисел, Белгија со датум на упатување 15 февруари 2023 година за период до три години. | |
| Активности за воспоставување и модернизација на УКБ радио системите и системите за јавно тревожење на РЦУК во РСМ | За модернизација се потребни повеќе финансиски средства и потребно е да се планиран во наредниот буџет на ЦУК до целосната имплементација на Е-112 со предвидената втора фаза. | СУК нема резервен систем за комуникацијата (УКБ радио врски), кои како стандард на развиените земји е потребен при пат на мобилната и интернет комуникација. Системот за управување со кризи нема online | При имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112, да се планираат и одобрат финансиски средства со што ќе се надгради Системот за управување со кризи со модерни комуникациски УКБ радио врски и Систем за јавно тревожење. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | функционален систем за јавно тревожење. | |
| Планирање на техничко опремување на системот за КЗ-МКШ, кадровско пополнување и организирање обука. | Поради недистиг на финансиски средства, за набавка на потребните средства за КЗ-МКШ, истиот е препланиран за 2021г.<br>Следствено на средствата, ќе се препланираат и потребните обуки -делумно спроведена,- (извршена) обука на 10 лица | Функционален застарен систем на КЗ-МКШ | Набавка на средства и спроведување на обука заради функционирање на ссистем КЗ-МКШ, компактибилен со системите на НАТО . |

## 2.2. Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата

### ИНИЦИЈАТИВИ 2022

- **Измена на Уредба за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената**.
  Процесот е консултациите и координацијата со надлежните институции е усогласен и завршен и доставена е завршна верзија усогласена со Секретаријатот за законодавство по што следи донесување/усвојување на изменетата Уредба од страна на Владата во најкраток временски рок, а со тоа и имплементацијата на Уредбата продолжува во 2023 година.
- **Информација за состојбата со Системот за тревожење и предлог за модернизација и набавка на нови сирени и систем за далечинско управување и командување со сирените**
  Овој проект не е реализиран поради немање на финансиски средства во буџетот на ЦУК.
- **Информација за степенот на имплементација на Европскиот број за итни повици Е-112 во Републиката и наредни задачи и активности**
  За оваа иницијатива во текот на 2022 година не е доставена Информација.
- **Информација за состојбата со УКБ радио системот за известување, доведување во работа и исправна состојба како и набавка на нови радио репетитори и радио станици**
  За модернизација на УКБ радио системите и системите за јавно тревожење на РЦУК во РСМ е потребно целосна модернизација која пак бара поголеми финансиски средства.Финансиските средства со оглед на економската криза на РСМ не се планирани во буџетот на ЦУК, но во тековната година не се предвидени и планирани во буџетот на РСМ.Оставен е простор за барање на потребните средства преку ИПА проектите, донации и меѓународна поддршка и помош.

## 2.3. Оценка на спроведувањето на други активности кои произлегуваат од надлежностите и работата на Центарот

Преглед на подзаконската регулатива и други акти донесени од страна на директорот на Центарот, а кои се поврзани со законската регулатива утврдена од страна на Владата или со тековното работење на Центарот.

***Целосно ангажирање на органите и телата во системот за управување со кризи и на Центарот за управување со кризи како носител на вкупната поддршка (стручна, организациона, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена во услови на:***

- Кризна состојба на целата територија на република северна македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија
- Кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија
- Кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението
- Кризна состојба на територијата на република северна македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од светската здравствена организација од заразната болест Covid-19 предизвикана од вирусот sars-cov-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението (Кризната состојба заврши на 30.06.2022 година ).

Во 2022 година изготвени се:

Во **Годишниот план за обука** на Центарот за 2022 година, за 2022 година, во текот на 2022 година, вкупно 64 административни службеници посетиле стручни обуки од кои 15 жени и 49 мажи.

**Административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Управувачки комитет,** обезбедена е административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Управувачки комитет за одржани 5 седници.

**Административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Група за процена,** обезбедена е административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Група за процена за одржани 4 седници.

**Административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Главен Штаб,** обезбедена е административно-стручна поддршка при организација при одржување на седници на Главен Штаб за одржани 2 седници.

Во **Годишниот план за јавни набавки** на Центарот за 2022 година, од вкупно 42 ставки за постапка за јавна набавка на стоки, услуги и работи, реализирани се 38. Извршени се 7-седум измени и дополни на Планот за јавни набавки. Навремено отпочнати и реализирани постапки, потпишани договори за јавни набавки и извршени измени согласно предвидената динамика

и доставените Барања за Одлука за јавна набавка од страна на овластените лица.

Нереализирани се 4 ( четири ) јавни набавки заради недоставени барања од страна на овластените лица, 2 ( две ) постапки и 2 ( две ) постапки за набавки заради недостаток на средства, туку заради одземени средства по основ на извршни судски решенија поради во Буџетот на ЦУК.

Изработено **Решение за внатрешна распределба на одобрениот буџет за 2022** година (11/1-33/1 од 04.01.2022 година) и 13 изменети Решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен Буџет за 2022 година на Центарот.

**Годишен и квартален финансиски план за 2022 година**: изработени се основни годишни и квартални финансиски планови за 1 основна и 4 донаторски сметки (проекти HELP, eFIDAR, CRISIS и донација од Република Романија) согласно законски квартални рокови, и изработени се дополнителни 12 измени на годишен и квартални планови по разни основи.

Во **Годишната завршна сметка на ЦУК за 2021 година**, изработена годишна завршна сметка за вкупно 5 сметки – основна, приходна и 4 донаторски (за проекти NICS, HELP, J-CROSS и CRISIS)

**Годишен финансиски извештај за 2021 година** на Центарот за управување со кризи е доставен до Министерство за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола со бр.11/1-1472/3 од 10.05.2022 година.

Податоци за **Фискална стратегија на Центарот за управување со кризи за период од 2023-2027 година**, со проекции на приходи и расходи и образложение се доставени до Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови со бр.11/1-1055/3 од 31.03.2022 година (податоците се пополнети и поднесени и во е-Циркулар).

**Буџетското барање на Центарот за управување со кризи за 2023 година**, (Предлог Буџет за 2023 година) со соодветните обрасци од Е-циркулар заедно со Образложенија на Предлог-буџетската пресметка, предлог Годишната програма за вработување за 2023 година и Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2023 – 2025 година се доставени до Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови во прилог со акт бр.11/1-2565/1 од 31.08.2022 година (податоците се пополнети и поднесени и во е-Циркулар).

До Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови доставено е **Барање за зголемување на Буџетот на ЦУК за 2022 година**, со акт бр.11/1-33/8 од 18.03.2022 година

До Министерство за финансии-Сектор за буџети и фондови доставена е **Ургенција за Предлогот за изменување и дополна на Буџетот на РСМ за 2022 година**, (ребаланс) со акт бр.11/1-33/15 од 26.05.2022 година.

**План на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал за 2022 година на ЦУК**, доставен и одобрен од Државен архив на РСМ;

**Листа на архивски материјал за 2022 година на ЦУК**, доставен и одобрен од Државен архив на РСМ;

**Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2022 година на ЦУК**, доставена и одобрена од Државен архив на РСМ;.

**Архивскиот материјал од документарниот материјал со траен карактер од трајна вредност за 2022 година,** издвоен

и до 31 март 2022 треба да се достави до Државен архив на РСМ на одобрување.

**Годишен план за работа на Оддделението за инспекциски надзор при Центарот**, од предвидени 240 надзори, реализирани се 222 надзори.

**Шестмесечен извештај за работа на Одделението за инспекциски надзор**, од јануари-јуни од предвидени 134 надзори, реализирани 134 и од јули-декември од предвидени 106 , реализирани 91.

**До Секретаријат за европски прашања** доставен е пишан материјал за институционалниот напредок и административниот капацитет (во однос на имплементацијата на препораките од Европската Комисија). Овој извештај, обединет од сите релевантни институции од РСМ, се презентира пред Поткомитетот за животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија. Материјалот се испраќа еднаш годишно, секој февруари месец во тековната година, а ЦУК редовно учествува на состаноците.

**До Секретаријат за европски прашања** доставен е пишан материјал за подготовка на придонесот на РСМ кон Извештајот кон Европската Комисија . Документот се ажурира еднаш годишно во месец март.

**Информација кон Влада и МО за напредокот на субјектите од СУК во делот на цивилната подготвеност,** Секторот за операции и координација дава допринос два пати годишно ( јануари и јуни во тековната година ) .

**24/7 следење на состојбите, случените настани и појави и известување на соодветните субјекти на УК и управувачките тела на ЦУК (УК, ГП, ГШУК и РШУК),** изработени 365 редовни информации, 57 вонредни информации и 52 неделни наменски до субјектите во СУК по посебен список, околу 200 информации на национално ниво и неколку илјади информации на локално ниво за констатирани состојби, случени настани и појави на локално ниво.

-СОК преку контролираното функционирање во прифатните транзитни центри (Куманово-Табановце и Винојуг-Гевгелија) и издавањето на пропусници (Табановце издадени вкупно 123 пропусници и Винојуг вкупно 170 пропусници) за движење и работа во кризните подрачја (ПТЦ), дава директен придонес кон приоритетната цел на Владата, односно спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција и контрола на реадмисијата и остварување на правото на азил.

**“Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности“ и “Процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности“,** согласно Законот за управување со кризи и Уредбата, редовно се ажурираат и овие процеси континуирано се реализирани во тековната 2022 година. Донесени се одлуки од страна на Советите на општините и Град Скопје. Временската динамика беше делумно забавена заради настанатата ситуација со КОВИД 19.

**Стратешки план за 2022-2024 година на Центарот,** изработен и доставен до ГС на Влада на РСМ и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Годишен план за работа на Центарот за 2022 година,** изработен и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Центарот за 2021 година,** изработен и доставен до ГС на

Влада на РСМ и објавен на ВЕБ страната на Центарот.

**Извршен е редовен попис на средствата и на изворите на средствата на Центарот со состојба на 28.02.2022 година** и тоа на: основни средства; залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар; и парични средства и хартии од вредност на сметките на Центарот за управување со кризи и во благајните и побарувања и обврски, согласно донесеното Решение за спроведување на попис во ЦУК.

3. РАЗВИВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

**Преглед од влијанието на управувањето со човечките ресурси содржи извештај за:**

- Во Центарот за управување со кризи во работно место советник за оценување, стручно оспособување и усовршување со работна задача „ја извршува улогата на координатор за еднакви можности на жените и мажите и спроведува и предлага посебни и позитивни охрабрувачки и програмски мерки за еднакви можности на жените и мажите во Центарот за управување со кризи согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите„ е уредена материјата од Законот за еднакви можности на мажите и жените. Работното место е непополнето.
- Согласно Законот за класифицирани информации член 61, овластено лице за ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации е Наталија Тофилоска, раководител на Одделение за безбедност и соработка со безбедносни служби.
- Согласно Законот за заштита на лични податоци во Центарот е определен офицер за заштита на лични податоци.
- Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во Центарот е назначено лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција.
- Согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба во Центарот нема утврдено работно место и задача во Правилникот за систематизација кое го координира процесот на воведување на стандардите и инструментите за управување со квалитетот, но со Решение за номинирање на претставник на раководството за квалитет во ЦУК од страна на директорот е номинирано лице кое ги извршува доделените работни задачи од оваа област.

**Во текот на 2022 година**:

- нововработени со Договор на определено време се вкупно 27 административни службеници од кои 11 жени ( 10 македонки на работни места со звање: 2 советник, 2 виш соработник, 4 помлади соработници, 1 самостоен рефрент, 1 помлад референт и 1 албанка на работно место со звање: 1 помлад референт) и 16 мажи ( 11 македонци со звање: 4 помлад соработник, 2 самостоен референт, 5 помлад референт и 5 албанци со звање: 1 советник, 1 соработниик, 3 самостоен референт).
- преземени со спогодба за трајно вработување од друг орган се вкупно 4 административни службеници од кои 1 жена: ( 1 македонка со звање: 1 соработник) и 3 мажи: ( 2 македонци со звање: 2 помлад соработник и 1 албанец на работно места со звање: 1 самостоен референт).
- унапредени се вкупно 46 административни службеници. Од вкупниот број унапредени се 15 жени од кои: (9 македонки на работно место со звање: 1 помошник раководител на сектор, 5 раководители на одделение, 1 советник и 2 самостоен референт и 6 албанки на работно место со звање: 5 советници и 1 самостоен референт) и 31 мажи од кои: (20 македонци на работно место со звање: 5 помошник раководител на сектор, 6 раководител на одделение, 8 советници и 1 самостоен

референт, 9 албанци на работно место со звање: 2 раководители на одделение, 6 советници и 1 самостоен референт и 2 турци со звање: 1 советник и 1 самостоен референт).

- пензионирани лица се вкупно 23 административни службеници ( 22 македонци и 1 албанец ) , од кои 4 жени и 19 мажи, со звање 1 раководител на сектор, 1 помошник раководител на сектор, 14 советници, 1 помлад соработник, 5 самостоен референт и 1 референт.

## 4. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

**Стратегија за управување со ризици**

Во Центарот за управување со кризи согласно Одлука на Влада има изработено Стратегија за управување со ризици 2016-2025 година. Истата е потребно да се ажурира со формирање на работна група во рамки на ЦУК – процес кој треба да го покрене раководниот орган.

Исто така, со Стратегијата, ЦУК има изготвено Регистар на управување со ризици кои произлегуваат од Процедурите изработени во ЦУК. Истиот е потребно да се ажурира со нови ризици од страна на раководителите на сектори/самостојни одделенија.

Воглавно утврдените ризици имаат рејтинг на низок ризик, односно во тековната година се надгледувани и за нив се превземани соодветни мерки кои ја сведуваат нивната веројатност за настанување и нивното влијание на минимум. При преоценувањето на ризиците е констатирано дека при добивањето на мислење во електронска форма/усно без доставен допис од страна на надлежен орган рејтингот на ризик е на средно ниво. Во тековната година во Центарот се одржува ризикот на прифатливо ниво.

**Ризик:** Ненавремена достава на стручно мислење по барање од организациона единица.

**Спроведена мерка:** Поголема интерна комуникација како предизвик во нареден период.

**Систем за управување со квалитет**

Центарот за управување со кризи е во фаза на воспоставување и имплементација на системот за управување со квалитет на услугите според МКС ЕН ИСО 9001:2015 и преземање на подготвителни активности за негова сертификација од независно сертифицирано тело.

Со имплементација на системот за управување со квалитет на услугите и воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето, ќе се создадат услови за подигнување на степенот на ефективност и ефикасност на администрацијата во Центарот за управување со кризи.

**Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори изработена 2021 година:**

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори во субјектите во Системот за управување со кризи, се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во Системот за управување со кризи.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од страна на инспекторите од Одделението за инспекциски надзор во Центарот за управување со кризи.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Во однос на мерките предвидени во двете стратешките програми, оценка е дека е забележан висок степен на реализација

Во делот на мерките и активностите од тековното работење, забележеан е висок степен на реализација.

Постигнат напредок во делот на подигање на знаењето за принципите на родовата еднаквост, застапеност и вклучување на родовите перспективи со изработка на родово разделени статистички податоци.

Постигнат напредок во делот на подигање на знаењето за правична застапеност, со изработка на родово разделени статистички податоци.

Врз основа на оценките изнесени во претходните поглавја, би можело да се даде заклучок дека степенот на постигнување на резултатите и спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа, како и целокупното рабогење на Центарот е на средно ниво. Позначителни отстапувања во однос на реализацијата на Стратешкиот план и Годишниот план за работа на Центарот не се забележани. Се дава препорака да се продолжи со посветеноста при планирањето и следењето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа и во наредниот период.

Изработил:Благица Илиоска

Прегледал: Трајче Јовановски

Одобрил: д-р Стевко Стефаноски